**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 0201-1052/3 Дата. 24.04 2014 година

Врз основа на член 66 од Законот за високо образование (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 35/08…41/14), член 62 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет – Скопје, во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл весник на Р.Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10 и 42/14), Деканатската управа на седницата одржана на ден 23.04.2014 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување листа на информации од јавен карактер од надлежност на Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува листа на информации од јавен карактер кој ги создал и со кој располага Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје, во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон и тоа:

- **органи на факултетот**
(достапни на: www.eccf.ukim.edu.mk);
- **внатрешни организациони единици**
(достапни на: www.eccf.ukim.edu.mk);
- **акти на органите**
(достапни во: Универзитетски гласник и на www.eccf.ukim.edu.mk);
- **соопштение за јавноста за тековни активности**
(достапно на огласна табла и на www.eccf.ukim.edu.mk);
- **годишни извештаи**
(достапни на: www.eccf.ukim.edu.mk);

**Настава**
- **извештаи за студенти**
(достапни во извештаите на Заводот за статистика и Универзитетот);
- **студиски и предметни програми за прв, втор и трет циклус**
(достапни во: Водич за студенти и на www.eccf.ukim.edu.mk);
- **распоред на предавања, резултати од испит и слично.**
(достапни на огласните табли на Факултетот и www.eccf.ukim.edu.mk);
- **практична настава за студентите**
( достапни во: Центарот за кариера);
- **регистар на наставно-научен кадар**
(достапен на www.eccf.ukim.edu.mk);
- **регистар на соработнички кадар**
(достапен на www.eccf.ukim.edu.mk);
- **библиотека (книжен фонд, списанија, билтени, електронски пристап до бази на списанија)**
(достапно во Библиотеката на Факултетот и www.eccf.ukim.edu.mk);

- **рецензии за избори во звања, за докторати и учебници**

(достапни во публикација и www.ukim.edu.mk);

**Научно-истражувачка и апликативна дејност**

- **научни и апликативни проекти**

(достапни на: www.eccf.ukim.edu.mk);

**Издавачка дејност**

- **изданија на Факултетот**

(достапни во: Библиотеката)

**Меѓународна соработка**

- **Договори за меѓународна соработка**

(достапни во: Центарот за кариера и www.eccf.ukim.edu.mk);

**Финансиско-материјално работење**

- **Годишен извештај за финансиско-материјално работење**

(достапен во: Управата за јавни приходи, Централен регистар и Министерство за образование);

- **Објавени постапки за јавни набавки**

(достапни на: www.eccf.ukim.edu.mk);

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл весник на Р.Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10 и 42/14).

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страната на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје.

**Член 4**

Службено лице за посредување со информации при остварување на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер со кои располага Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет-Скопје е Душко Костадинов.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:Д.К

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски**